Прашања во врска со точките од Дневниот ред

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието.

Друштвото одговара на поставените прашања доколку тоа не е во спротивност со доверливоста во работењето, принципите на деловна тајна, како и деловните интереси на Друштвото.

Друштвото може да даде еден збирен одговор на прашањата со иста содржина. Друштвото може да одговори директно на акционерот или да ги објави одговорите на поставените прашања на својата интернет страница во формат на прашање и одговор.

Прашањето акционерот го доставува писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат и целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер правно лице.

Заедно со доставеното прашање акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

А. За акционер физичко лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена; и
- Копија од лична карта или пасош.

Б. За акционер правно лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена;
- Последна тековна состојба од Централнниот регистар во оригинал не постара од седум дена; и
- Копија од лична карта или пасош на законскиот застапник.

Прашањето во писмена форма заедно со документите за идентификација мора да биде примено во МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп најдоцна до 7 ноември 2014 година (петок).

Адреса на која се доставува барањето:
МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп
Крушевски пат бб, 7500 Прилеп
Одбор на директори на Друштвото

Со назнака “за Собрание на акционери”